**20180721356**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Врз основа на член 72-а став 4 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 9/4, 113/7, 145/10, 80/12, 41/14 и 21/18), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИНСПЕКТОРОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата на инспекторот за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: легитимацијата), како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

Член 2

(1) Образецот на легитимацијата е изработен на пластифицирана бела хартија со тежина од 200 гр. и со димензии 6x9 cm, на којашто од двете страни е отпечатен грбот на Република Македонија.

(2) На предната страна на легитимацијата, во горниот дел, е отпечатен текстот: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, под него, во средината, е отпечатен текстот: ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ. Под овие зборови на левата страна се наоѓа место за фотографија на инспекторот на кој му се издава легитимацијата со димензии 2x2 цм. Од десната страна во првиот ред се испишува името и презимето, а под него, во вториот ред, звањето на инспекторот. Во средината на долниот раб има место за печат, во долниот лев агол е отпечатен регистарскиот број на легитимацијата, а во долниот десен агол има место за потпис на директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(3) На задната страна на легитимацијата е отпечатен текстот: „При вршење на инспекциски надзор, инспекторот постапува согласно член 72-б од Законот за класифицирани информации“, а под него на левата страна се испишува датумот на издавање на легитимацијата.

(4) Легитимацијата на задната страна има воден печат.

(5) Образецот на легитимацијата е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Легитимацијата има важност сè додека лицето на кое му е издадена има службено својство и овластувања како инспектор за безбедност на класифицирани информации.

(2) По престанокот на службеното својство на инспектор за безбедност на класифицирани информации, легитимацијата се враќа.

Член 4

(1) Во случај на губење на легитимацијата, инспекторот за безбедност на класифицирани информации најдоцна три дена од дознавањето ја известува Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации од чија страна истата се огласува за неважечка, по што му се издава нова легитимација.

(2) Легитимацијата се заменува со нова и во случај кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и во случај кога има промена на личните податоци на инспекторот за безбедност на класифицирани информации.

(3) Легитимацијата која се заменува со нова се поништува.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-103/6
16 април 2018 година
Скопје

Директор,
**Стојан Славески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

# ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## Предна страна

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР**
**ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Фотографија
(2x2 cm)

______________________
**Име и презиме**

______________________
**Звање на инспекторот**

М.П. **Директор**

______________ ______________
**Регистарски број**

## Задна страна

**„При вршење на инспекциски надзор, инспекторот постапува согласно член 72-б од Законот за класифицирани информации“**

Воден печат

Датум на издавање: ______________